НА ИНВАЛИДСКА ПЕНЗИЈА НА ОПШТИНА
Бр. 40/24
19 03 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 29 став 2 од статутот на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија – Инвалидска организација при општина Гази Баба – Скопје, Собранието на Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија на одржаната седница на19.03. 2024 година го усвои годишниот извештај за работа на Здружението.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Годишен извештај за работа на избраните органи и тела на Здружението за 2023година ( Собрание, Претседателство, Одбор за контрола и комисии). Почитувани делегати и гости, претставници на секциите на Здружението морам да ве известам дека Собранието ќе биде целосно ангажирано на реализирање на сите одлуки и барања донесени од Вас делегатите за успешно работење на Здружението и неговото афирмирање во 2024 година

Собранието како највисок орган на Здружението со Претседателство, Одборот за контрола и комисиите ќе биде ангажирано за реализирање на основните начела и тоа:

Собранието како највисок орган мора секоја година во месец март да одржи редовна-отчетна седница на Собранието на Здружението каде ќе бидат разгледани-усвоени донесените одлуки на Претседателството, одборот за контрола и комисиите за 2023 год.

Разгледување – усвојување на одлуката за финансискиот план за 2024 година за материјално – финансиско работење на Здружението.

Разгледување – усвојување на одлуката за завршна пресметка на приходи и расходи за 2023 година која се доставува до Централниот регистар на РСМ и УЈП Скопје за успешно работење на Здружението.

Потврдување на записниците од Пописната комисија, хуманитарната комисија и комисија за Спорт и рекреација.

Потврдување – усвијување на сите пакет одлуки од Претседателството од број 1 – 23 .

Претседателството како орган на Собранието на одржаните седници допринесе за успешно работење на Здружението и да изготви годишен извештај за 2024година и тоа:

- Изготви финансиски план за приходи и расходи за 2024година.
- Да обезбеди и подели годишни автобуски карти од ЈСП-Скопје за 2024 година за наши членови во зависност од болеста.
- Да обезбеди и подели 300 ваучери за наши тешко болни членови и членови со ниски пензии за 2024 год.
- Према програмата на Здружението Хуманитарната комисија да додели парична помош на наши тешко болни членови за 2024година.
- Према програмата на предлог на комисијата за спорт и рекреација да организира Мај - Јуни и Септевври – Октомври екскурзии во 2024 година.

Што се однесува за организационен план морам да ве известам дека Здружението е единствено во целост на општините: Гази Баба, Арачиново, Илинден и Петровец што со голема упорност и судски пат од ангажирањето на делегатите од секциите успешно е завршено што се гледа од постигнатите резултати што претставува најорганизирано Здружение како на организационен план, така и на финансискин план.

ВИ благодарам

19.03.2024 год.

Здружение на инвалиди на трудот и
Корисници на инвалидска пензија
на Општина Гази Баба – Скопје

Претседател

Павловски Никола